SONY

# Слушалки со откажување на шум

Упатство за употреба

Ако инсталирате Smart Key апликација* од Google Play™, на вашиот паметен телефон ќе биде овозможено прилагодување на тон и песна со мултифункционално копче.

* Smart Key е апликација за Xperia™, Android™ OS 4.0 и понови. Апликацијата може да не е достапна во некои земји и/или региони и не може да се користи со модели на паметни телефони кои не се подржани.

https://play.google.com/store/apps/details?id=com.sonymobile.extras.liveware.estension.smartkey

4-540-895-11(2)

© 2014 Sony Corporation

MDR-ZX110NA

## Како да ги користите

### 1 Расклопете ги слушалките




### 2 Инсталирање на батеријата




### 3 Поврзување




### 4 Вклучување на напојувањето




### 5 Носење и контролирање




**По употреба**
Исклучете го напојувањето на слушалките

Македонски **Слушалки со откажување на шум**

# ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Батериите не ги изложувајте на прекумерна топлина како на пр. сончева светлина, пожар или сл. подолго време.

Валидноста на CE ознаката е регистрирана само за тие земји каде законски е задолжителна, главно во европските земји.

**Забелешка за купувачите: следните информации се само за опрема купена во земји кои ги применуваат ЕУ директивите**

Овој производ е произведен од Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Токио, 108-0075 Јапонија. Прашања во врска со усогласеноста на производ врз основа на законодавството на ЕУ адресирајте ги до овластениот претставник, Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Штутгарт, Германија. За сервис или во врска со гаранцијата, обратете се на обезбедените адреси во гарантниот лист.



**Исфрлање на истрошените батерии (применливо во Европската унија и земји со посебни собирни центри)**
Овој симбол на батеријата или на нејзиното пакување, укажува дека батеријата испорачана со овој производ не треба да се третира како обичен домашен отпад.Некои батерии може да се означени со хемиски знак. Хемискиот симбол за жива (Hg) или олово (Pb) се ставаат на батерии кои содржат повеќе од 0.0005% жива или 0.004% олово. Со правилно исфрлање на батериите, Вие ќе помогнете во спречувањето на потенцијалните негативни последици за опкружувањето и човековото здравје, што може да се предизвикаат со неправилно исфрлање на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе допринесе за зачувување на природните ресурси.
Во случај да уредот треба да е постојано поврзан со вградената батерија, за зачувување, безбедност или интегритет на податоците, оваа батерија треба да се заменува само од квалификуван сервисен персонал. За да обезбедите правилен третман на батериите, однесете ги при крај на нивниот животен век во собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема.
За правилно и безбедно отстранување на сите типови батерии од апаратот, прочитајте го упатството за вадење на батериите од уредот. Однесете ги батериите во собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема.
За подетални информации околу рециклирањето на батериите, Ве молиме, контактирајте ја локалната компанија за рециклирање, отпад или продавницата каде што сте го купиле производот.

# Компатибилни производи

Користете го овој уред со паметен телефон.

**Забелешки**
- Во зависност од моделот на паметниот телефон, микрофонот на овој уред може да не работи или тонот може да е тивок.
- Нема гаранција дека овој уред ќе работи со дигитален музички плеер.

# Користење на Мулти функционалното копче

Допрете еднаш да одговорите на повикот, повторно допрете за завршување; допрете за репродукција/паузирање на песна.

## Достапни операции за паметен телефон

Репродукција/паузирање на песна на поврзаниот паметен телефон само со едно допирање. Прескокнување на следна песна допрете двапати.
Држете околу две секунди за одбивање на дојдовниот повик.

**Забелешки**
- Функцијата на копчето може да зависи од паметниот телефон.
- Внимавајте копчето да не го допрете ненамерно при носење на паметниот телефон со приклучени слушалки.

# Забелешка за користење

## Што е откажување на шум?

Откажувањето на шум всушност го чувствува надворешниот шум преку вградениот микрофон и праќа ист но спротивен сигнал на слушалките.

## Забелешка за функцијата откажување на шум

- Прилагодете ги јастучињата преку ушите, во спотивно откажувањето на шум нема да работи правилно.
- Ефектот за откажување на шум може да се разликува во зависност од тоа како ги носите слушалките.
- Не го покривајте микрофонот на слушалките со раце. Функцијата за откажување на шум нема да работи правилно.




- По вклучување на напојувањето на слушалките може да слушнете тивко свиркање. Ова е оперативен звук на функцијата за откажување на шум, не е дефект.
- Функцијата за откажување на шум првенствено е шум со ниска фреквенција. Иако шумот е намален, не се откажува целосно.
- Ефектот за откажување на шум може да не вклучи на тивки места или некој шум може да се слушне
- Кога слушалките ги носите во воз или автомобил, може да се појави шум во зависност од условите на улицата.
- Мобилните телефони може да предизвикаат пречки и шум. Доколку се слуши ова, слушалките преместете го пдалеку од мобилниот телефон.

## Забелешка за носење во авион

Не ги користите слушалките кога користите електронска опрема или во авион.

## Забелешка за ракување

- Бидејќи слушалките се дизајнирани да одговараат на Вашите уши, насилното ставање може да предизвикаат оштетување на ушното тапанче. Избегнувајте да ги носите слушалките каде што може да бидете удрени од луѓе или предмет, на пр. топка и т.н..
- Со притискање на слушалките кон ушите може да произведе клик звук. Ова не е дефект.
- Слушалките чистете ги со мека сува ткаенина.
- Приклучокот не го оставајте нечист, во спротивно звукот може да е испрекинат.
- Консултирајте се во продавницата на Sony кога јастучињата ќе се извалкаат, оштетат или кога треба да ги однесете на сервис.
- Слушалките не ги оставајте на места изложени на директна сончева светлина, топлина или влага.
- Слушалките не ги изложувајте на прекумерен шок.
- Со уредот ракувајте внимателно.
- Ако почувствувате постпаност или мачнина при употреба на слушалките, веднаш престанете.

## Забелешка за слушалките



Високиот тон може да влијае врз слухот. Заради безбедност во сообраќајот, не ги носете додека возите автомобил или велосипед.

Бидејќи слушалките ги намалуваат надворешните звуци, може да предизвикаат сообраќајна незгода. Исто така, избегнувајте да слушате преку слушалките каде што слухот не смее да биде спречен, на пр. на железнички премин, на градилиште и т.н.

**Спречување на оштета на слухот**
Избегнувајте слушалките да ги користите на висок тон. Експертите за слух советуваат за непрекинато, глано и продолжено време на репродукција. Ако почувствувате звонење во ушите, намалете го тонот или прекинете со нивно користење.

## Забелешка за статичен електрицитет

Во особено суви услови, може да се случи шум или прескокнување на звукот или може да почувствувате во ушите благо пецкање. Ова е резултат на електрицитет насобран во телото и не е дефект на слушалките. Ефектото може да се намали со носење на облека од природни материјали.

Ако имате било какви прашања или проблеми со овој систем, а не се наведени во ова упатство обратете се во најблиската продавница на Sony.

# Проблеми и решенија

## Нема звук

- Проверете го поврзувањето на слушалките и опремата.
- Проверете дали поврзаната опрема е вклучена.
- Зголемете го тонот на поврзаната опрема.
- Чистете го приклучокот на слушалките со мека сува ткаенина.

## Ефектот за откажување на звук не е доволен

- Функцијата за откажување на шум е ефективна при опсег со ниски фреквенции, како на пр. авиони, возови или канцеларии (во близина на климатизер и тн.) и не е ефикасен при високи фреквенции, како на пр. човечки глас.
- Вклучете ги слушалките.

## Изобличен звук

- Намалете го звукот на поврзаната опрема.
- Чистете го приклучокот на слушалките со мека сува ткаенина.

## Напојувањето не се вклучува

- Проверете да не се потрошила батеријата (POWER индикаторот е исклучен) и батеријата е ставена во правилна насока. Заменете ја батеријата со нова или батеријата ставете јаво правилна насока.

## Нема никаква операција

- Дотерајте го прекинувачот POWER на слушалките во “OFF”, проверете го поврзувањето и потоа дотерајте го прекинувачот POWER повторно во “ON”.

## Поврзаниот паметен телефон не работи

- Проверете го поврзувањето на слушалките и паметниот телефон.

# Карактеристики

- 95% намалување на амбиентален шум
  Слушалки со откажување на шум го намалуваат несаканиот амбиентален шум и обезбедуваат потивко опкружување за подобрување на слушањето.
- Брзо преклопен стил
  Оригинален компактен механизам за преклопување за лесно носење и чување.
- Произведува балансиран, јасен и моќен висок квалитет на звук
  300 kJ/m3 магнет од неодимиум обезбедува моќен звук и еквилајзерот обезбедува балансиран звук од бас до висок тон.
- Може да се користат како обични слушалки дури и кога POWER прекинувачот е дотеран во “OFF”.
- Долго траење на батеријата - приближ. 80 часа со AAA алкални батерии.

# Спецификации

## Општо

| | |
|---|---|
| Тип | Динамичен, затворен |
| Драјвер | 30 mm, своден тип (CCAW адаптиран) |
| Капацитет на моќ | 40 mW |
| Импенданса | 220 Ω at 1 kHz (кога напојувањето е вклучено)<br>45 Ω at 1 kHz (кога напојувањето е исклучено) |
| Осетливост | 115 dB/mW (кога напојувањето е вклучено)<br>110 dB/mW (кога напојувањето е исклучено) |
| Опсег на фреквенција | 10 Hz – 22,000 Hz |
| Вкупен однос на потиснување на бучава[1] | Приближ. 13 dB[2] |
| Кабел | Приближ. 1.2 m, OFC Лиц жица |
| Приклучок | Четири спроводен позлатен L-форма стерео мини приклучок |
| Извор на напојување | DC 1.5 V, 1 × R03 (големина AAA) батерија |
| Маса | Приближ. 150 g со батерија, но без кабел |
| Микрофон за разговор | Напон со отворено коло –40 dB (0 dB = 1 V/Pa) |

## Времетраење на батеријата

| Батерија | Приближ. часа[3] |
|---|---|
| Sony алкални батерии LR03 SIZE AAA | 80 часа [4] |
| Sony магнезиумски батери R03 SIZE AAA | 40 часа[4] |

**Забелешка**
Испорачаната батерија е вклучена во пакетот за време на производството (како погодност за корисникот), можно е батеријата да се потроши од времето на купување. Вистинското траење на испорачаната батерија може да е помала од стандардното време опишано во ова упатство кога користите нова батерија.

## Кога батеријата е при крај

Заменете ја батеријата со нова кога POWER индикаторот трепка или е исклучен.

**Забелешки**
- Звукот и ефектот за откажување на шум може наизменично да се репродуцираат кога батеријата е при крај.
- Слушалките автоматски се префрлаат во пасивен режим кога батеријата е празна. Во овој режим може да слушнете карактеристични звук при менување.

## Вклучени делови

Слушалки (1)
Адаптерски приклучок за во авион[5] (1)
Sony R03 (SIZE AAA) батерија (1)
Упатство за употреба (1)
Гарантен лист (1)

[1] Според мерни стандарди на Sony.
[2] Еквивалентен до приближ. 95% намалување на енергија на звук во споредба со тоа кога не носите слушалки.
[3] При 1 kHz, 0.1 mW + 0.1 mW излез
[4] Наведеното време може да варира во зависност од температурата или условите на користење.
[5] Може да не е компатибилен со некои сервиси во авион.

Дизајнот и спецификациите се предмет на измена без претходна најава.

Xperia™ е регистрирана трговска марка или заштитен знак на Sony Mobile Communications AB. Android™ и Google Play™ се заштитни знаци или регистрирани трговски марки на Google, Inc.